Влада на Република Северна Македонија

**З А П И С Н И К**
**од Сто шеесет и третата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 27 јуни 2023 година**

**Скопје, јуни 2023 година**

**З А П И С Н И К**
**од Сто шеесет и третата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 27 јуни 2023 година**

Седницата започна во 12:20 часот.

На седницата претседава д-р Димитар Ковачевски, претседател на Владата на Република Северна Македонија, д-р Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците и Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции.

На седницата присуствуваа членовите на Владата Славјанка Петровска, министер за одбрана, Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, м-р Кренар Лога, министер за правда, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Фатмир Меџити, министер за здравство, доц. д-р Јетон Шаќири, министер за образование и наука, м-р Јована Тренчевска, министер за труд и социјална политика, Ристо Пенов, министер за локална самоуправа, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски и Каја Шукова, министер за животна средина и просторно планирање, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, м-р Методија Димовски и Тахир Хани, заменик на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија.

На седницата присуствуваше и д-р Оливера Нечовска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата присуствуваше и Александар Бајдевски, заменик на министерот за информатичко општество и администрација.

На седницата присуствуваше и м-р Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија и Муамет Хоџа, портпарол на Владата на Република Северна Македонија.

Од седницата отсуствуваа м-р Славица Грковска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење, м-р Бојан Маричиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања и членовите на Владата д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, д-р Бисера Костадиновска-Стојчевска, министер за култура и д-р Азир Алиу, министер за информатичко општество и администрација.

*

*     *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

- Усвојување на Записникот од 162-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 22 јуни 2023 година

Пред преминување на Дневен ред:

- Состојби и напредок на Република Северна Македонија во процесот на преговорите за членство во Европската Унија

- Информација за подготовка на билатерален скрининг за Поглавје 27 Животна средина и климатски промени, од Кластер 4 Зелена агенда и одржлива поврзаност, на 3-7 јули 2023 година, во Брисел, со прилози

1. Предлог-одлука за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (У 25/23)

2. Предлог-одлука за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад

3. Годишна сметка и Извештај за работењето на ЈП „Студенчица“-Кичево за 2022 година, со Извештај на независниот ревизор за финансиските извештаи за годината која завршува на 31 декември 2022 година, со предлог-одлуки

4. Барање согласност на Листа за определување на имиња на улици, плоштади, мостови и на други инфраструктурни објекти на подрачјето на Општина Виница, со Предлог-листа

5. Предлог на закон за осигурување во земјоделството

6. Предлог на закон за дивечот и ловството (*)

7. Предлог на закон за реализација на стратешкиот инвестиционен проект „Соларен парк Стипион“ и Договор за стратешки инвестиционен проект „Соларен парк Стипион“

8. Предлог-стратегија за управување со јавниот долг на Република Северна Македонија за 2024-2026 (со изгледи до 2028 година)

9. Предлог-уредба за изменување на Уредбата за воспоставувањето, организацијата, членството и работата на Националната рурална мрежа на Република Северна Македонија

10. Информација за потребата од промени во начинот на утврдување на премијата за задолжително осигурување од автомобилска одговорност

11. Информација за давање на согласност за склучување на Договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Спасија Илиева, ул. „Коле Василев“ бр.24, Сопот, Кавадарци, со Предлог-одлука

12. Информација за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Блаже Златанов ул. „4 Мај“ бр.6 Ваташа-Кавадарци, со Предлог-одлука

13. Информација за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Друштвото за трговија и услуги Вино М ДООЕЛ експорт-импорт Скопје, со Предлог-одлука

14. Информација за формирање на Комисија за спроведување на Јавен повик за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина-мермер на локалитетот „с.Ореовец“, Општина Прилеп, со Предлог-решение

15. Информација во врска со Јавниот повик за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина-кајанит на локалитетот „Кашка“, Општина Лозово 5/2023 и Тендерска документација за спроведување на постапката

16. Информација во врска со Барањето за давање согласност за присоединување на Друштвото за производство, трговија и услуги Мар оникс увоз-извоз ДООЕЛ Скопје кон Друштвото за производство, трговија и консалтинг Електро девет увоз-извоз ДОО Прилеп, со Предлог-одлука

17. Предлог-одлука за престанок на важење на концесијата за експлоатација за потребите за изградба на експресен пат А3, делница Крупиште-Кочани од км 14+300 до км 28+055 на минерална суровина-песок и чакал на Јавното претпријатие за државни патишта-Скопје на локалитетот „Крупиште 1“, Општина Карбинци

18. Предлог-одлука за еднostран раскин на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина-кровни шкрилци на локалитетот „Крнино“, с.Крнино, Општина Чашка

19. Предлог-одлука за започнување на постапка за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина-мермер на локалитетот „Марков стап“, Општина Росоман

20. Предлог-одлука за зголемување на придонесот на Република Северна Македонија во Меѓународното здружение за развој

21. Предлог-одлука за распределба на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2023 година за поддршка на имплементацијата на Декадата и Стратегијата за Ромите

22. Предлог-одлука за распределба на средства обезбедени во Потпрограма 20-Сообраќај и комуникации, ставка 489-Капитални субвенции за претпријатија и невладини организации во Буџетот на Министерството за транспорт и врски за 2023 година

23. Предлог-одлука за давање на стопанисување на недвижни ствари на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје (КП бр.7218/1, КО Гостивар 2)

24. Годишен извештај за спроведување на процесот на проценка на влијанието на регулативата-ПВР (јануари-декември 2022 година), со прилог-Преглед на почитувањето на обврските кои произлегуваат од процесот на ПВР и задолжителната објава на законите на ЕНЕР

25. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на недвижни ствари на Основниот граѓански суд-Скопје

26. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на недвижни ствари на Основниот граѓански суд-Скопје

27. Предлог-одлука за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката за спроведување (ЗНБП) 2023/849 на Советот од 24 април 2023 година за спроведување на Одлуката 2011/235/ЗНБП за рестриктивни мерки насочени против одредени лица и субјекти во однос на состојбата во Иран и Регулативата за спроведување (ЕУ) 2023/846 на Советот од 24 април 2023 година за спроведување на Регулативата (ЕУ) бр.359/2011 за рестриктивни мерки насочени против одредени лица, субјекти и тела во однос на состојбата во Иран

28. Предлог-одлука за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2023/847 на Советот од 24 април 2023 година за спроведување на Одлуката 2013/255/ЗНБП за рестриктивни мерки во однос на состојбата во Сирија и Регулативата (ЕУ) 2023/844 на Советот од 24 април 2023 година за изменување на Регулативата (ЕУ) 36/2012 за рестриктивни мерки во однос на состојбата во Сирија

29. Информација за потребата за спроведување на Годишен план за вработување за 2023 година на Министерството за здравство

30. Иницијатива од Врховниот суд на Република Северна Македонија, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија, под У.бр.66/2023 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 72 став (6) од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.102/19)

31. Иницијатива од Славко Лазовски од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.42/2023 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 2 точка 1 во делот: „единствен“ и член 36 став (1) во делот: „сопствени“ од Законот за катастар на недвижности („Службен весник на Република Македонија“ бр.55/13, 41/14, 115/14, 116/15, 153/15, 192/15, 61/16, 172/16, 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.124/19)

32. Иницијатива од Александра Илиева-Милчова, адвокат од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.41/2023 за поведување на постапка за оценување на уставноста и законитоста на член 2 од Законот за изменување и дополнување на Законот за вештачење („Службен весник на Република Македонија“ бр.12/14)

33. Понуда од нотар Башким Амети од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.101632 за КО Ѓорче Петров 4-Влае на КП бр.6898, викано место/улица „Ѓорче Петров“

34. Известување од извршител Гордана Џутеска од Охрид И бр.475/2022 за понуда за користење право на првенствено купување на недвижен имот-земјиште кое претставува 1/3 идеален дел од КП бр.1174, за КО Мороишта, евидентирано во Имотен лист бр.337, со дополнителни материјали

35. Кадровски прашања

36. Прашања и предлози

37. Информација за напредокот на имплементацијата на Програмската рамка на Организацијата за храна и земјоделство на Обединетите нации (ФАО) за Република Северна Македонија за периодот 2021-2025 година

38. Информација на Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми „Национални шуми“-П.О. Скопје за реализирани активности за 2022 година, содржани во Акцискиот план за имплементација на Националната платформа за намалување на ризици од катастрофи на Република Северна Македонија 2022-2024 година

39. Извештај за трошење на средства од Наменска сметка за буџетска поддршка согласно Одлуката за одобрување на финансиски средства за справување со кризната состојба во снабдувањето со електрична енергија бр.41-10554/5 од 29.11.2022 година, Одлуката за одобрување на финансиски средства за справување со кризната состојба во снабдувањето со електрична енергија бр.41-11525/2 од 20.12.2022 година и Одлуката за одобрување на финансиски средства за справување со кризната состојба во снабдувањето со електрична енергија бр.41-11803/3 од 27.12.2022 година, донесени од Владата на Република Северна Македонија

40. Извештај за реализација на одобрени средства од резервите на Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година, на Општина Кичево, со Одлука бр.41-7523/1 донесена од Владата на Република Северна Македонија на 30 август 2022 година

41. Информација со Предлог за бројот на студенти за запишување во прва година-прв циклус на студии на јавните високообразовни установи на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Универзитетот „Св. Климент Охридски“-Битола, Универзитетот во Тетово, Државниот универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле“, Охрид и Универзитетот „Мајка Тереза“ во Скопје, во учебната 2023/2024 година, со Предлог-одлука и прилози

42. Предлог-уредба за изменување на Уредбата за поблиските критериуми за директни плаќања, корисниците на средствата, максималните износи и начинот на директните плаќања за 2023 година

43. Предлог-уредба за методологија за распределба на приходите од данокот на додадена вредност по општини за 2024 година

44. Анализа за проценка на економската и функционалната оправданост на реализација на проектите од Одлуката за склучување на анекс на Договорот за концесија за промена на намената на дел од средствата („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.295/20 и 138/21)

45. Информација за измена и дополна за потпишување на Договор меѓу Европска Унија од една страна и Република Северна Македонија од друга страна за учество во Програмата на Унијата ,,Живот“ (LIFE) за заштита на животната средина и климатски активности

46. Предлог-одлука за дополнителни квоти за запишување студенти припадници на заедниците кои не се мнозинство во Република Северна Македонија во прва година-прв циклус на студии на јавните високообразовни установи на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Универзитетот „Св. Климент Охридски“-Битола, Универзитетот во Тетово, Државниот универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, Универзитет за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле“, Охрид и Универзитетот „Мајка Тереза“ во Скопје, во учебната 2023/2024 година

47. Информација во врска со Пресудата на Управниот суд У-6 бр.131/2023 од 30 март 2023 година по тужбата на тужителот Друштво за производство, промет и услуги Еуромакс ресоурцес ДОО Скопје, со Предлог-одлука

48. Информација во врска со Договорот за изведба на Клиничка болница-Штип, со предлог-решение (проект) за завршување на објектот изготвен од страна на Изведувачот, со прилози

49. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Казнено-поправна установа Затвор Скопје-Скопје

50. Информација за преземени активности во врска со прогласената кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија на подрачјата на Општина Делчево и Општина Крива Паланка, со Предлог-одлука

51. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на недвижна ствар на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија

52. Предлог на завршната сметка на Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година, со Конечен извештај на овластениот државен ревизор за извршена ревизија на усогласеност на Основниот буџет на Република Северна Македонија за 2022 година

53. Годишен извештај за управување со јавниот долг на Република Северна Македонија за 2022 година

54. Информација за вработување на здравствени работници и здравствени соработници за потребите на Јавните здравствени установи во Република Северна Македонија за 2023 година

*

*　　　*

Владата без забелешки го усвои Записникот од Сто шеесет и втората седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 22 јуни 2023 година.

*

*　　　*

Пред преминување на Дневен ред:

- **Состојби и напредок на Република Северна Македонија во процесот на преговорите за членство во Европската Унија**

**- Информација за подготовка на билатерален скрининг за Поглавје 27 Животна средина и климатски промени, од Кластер 4 Зелена агенда и одржлива поврзаност, 3-7 јули 2023 година, во Брисел, со прилози**

Владата ја разгледа Информацијата за подготовка на билатерален скрининг за Поглавје 27 Животна средина и климатски промени, од Кластер 4 Зелена агенда и одржлива поврзаност, 3-7 јули 2023 година, во Брисел, со прилози и ја усвои со следните заклучоци:

1. Ја утврди Предлог-листата на учесници за билатералниот скрининг.

2. Се задолжува Работната група за Поглавје 27 Животна средина и климатски промени на настапот на билатералниот скрининг да се придржува кон дефинираните ставови и позиции согласно презентациите и насоките од Главниот преговарач и Секретаријатот за европски прашања.

3. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање, како носител Работната група за преговори за Поглавје 27 Животна средина и климатски промени да најави можни транзициски периоди за областите за води, управување со отпад и квалитетна воздухот.

*

*     *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата ја донесе Одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (У 25/23).

**Точка 2**

Владата ја донесе Одлуката за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад (Агенцијата за катастар на недвижности).

**Точка 3**

Владата по Годишната сметка и Извештај за работењето на ЈП „Студенчица“-Кичево за 2022 година, со Извештај на независниот ревизор за финансиските извештаи за годината која завршува на 31 декември 2022 година, со предлог-одлуки ги донесе Одлуката за давање согласност на Годишната сметка и Извештајот за работењето за 2022 година на Јавното претпријатие за водоснабдување „Студенчица“-Кичево и Одлуката за давање согласност на Одлуката за употреба на средствата остварени со работењето на Јавното претпријатие за водоснабдување ,,Студенчица“-Кичево за 2022 година.

**Точка 4**

Владата го разгледа Барањето согласност на Листа за определување на имиња на улици, плоштади, мостови и на други инфраструктурни објекти на подрачјето на Општина Виница, со Предлог-листа, го усвои Барањето и даде согласност на Листата за определување на имиња на улици, плоштади, мостови и на други инфраструктурни објекти на подрачјето на Општина Виница.

**Точка 5**

Владата го одложи разгледувањето на Предлогот на закон за осигурување во земјоделството, за наредната седница на Владата, поради потребата од дополнителни усогласувања.

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

**Точка 6**

Владата го одложи од разгледување Предлогот на закон за дивечот и ловството (*), поради потребата од дополнителни усогласувања.

Материјалот повторно да се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

**Точка 7**

Владата го одложи разгледувањето на Предлогот на закон за реализација на стратешкиот инвестиционен проект „Соларен парк Стипион“ и Договор за стратешки инвестиционен проект „Соларен парк Стипион“, поради потребата предлагачот да обезбеди мислења од Министерството за финансии, Министерството за транспорт и врски и Комисијата за заштита на конкуренцијата.

**Точка 8**

Владата ја донесе Стратегијата за управување со јавниот долг на Република Северна Македонија за 2024-2026 (со изгледи до 2028 година).

**Точка 9**

Владата ја донесе Уредбата за изменување на Уредбата за воспоставувањето, организацијата, членството и работата на Националната рурална мрежа на Република Северна Македонија.

**Точка 10**

Владата ја одложи од разгледување Информацијата за потребата од промени во начинот на утврдување на премијата за задолжително осигурување од автомобилска одговорност, за наредната седница на Владата, поради потребата истата да биде разгледана во присуство на претставници од Агенцијата за супервизија на осигурување.

**Точка 11**

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за склучување на Договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Спасија Илиева, ул. „Коле Василев“ бр.24, Сопот, Кавадарци, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на Договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба.

**Точка 12**

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Блаже Златанов ул. „4 Мај“ бр.6 Ваташа-Кавадарци, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба.

**Точка 13**

Владата ја разгледа Информацијата за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Друштвото за трговија и услуги Вино М ДООЕЛ експорт-импорт Скопје, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба.

**Точка 14**

Владата ја разгледа Информацијата за формирање на Комисија за спроведување на Јавен повик за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина-мермер на локалитетот „с.Ореовец", Општина Прилеп, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за формирање на Комисија за спроведување на постапката за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина-мермер на локалитетот „с.Ореовец" Општина Прилеп.

**Точка 15**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Јавниот повик за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина-кајанит на локалитетот „Кашка", Општина Лозово 5/2023 и Тендерската документација за спроведување на постапката, ја усвои Информацијата и ја одобри Тендерската документација за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина-кајанит на локалитетот „Кашка", Општина Лозово 5/2023.

**Точка 16**

Владата ја одложи од разгледување Информацијата во врска со Барањето за давање согласност за присоединување на Друштвото за производство, трговија и услуги Мар оникс увоз-извоз ДООЕЛ Скопје кон Друштвото за производство, трговија и консалтинг Електро девет увоз-извоз ДОО Прилеп, со Предлог-одлука, поради потребата Министерството за финансии-Управа за јавни приходи да достави ново мислење/уверение за платени даноци, придонеси и други јавни приходи и давачки за наведените друштва.

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

**Точка 17**

Владата ја донесе Одлуката за престанок на важење на концесијата за експлоатација за потребите за изградба на експресен пат А3, делница Крупиште-Кочани од км 14+300 до км 28+055 на минерална суровина-песок и чакал на Јавното претпријатие за државни патишта-Скопје на локалитетот „Крупиште 1", Општина Карбинци.

**Точка 18**

Владата ја донесе Одлуката за еднострана раскин на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина-кровни шкрилци на локалитетот „Крнино", с.Крнино, Општина Чашка.

**Точка 19**

Владата ја донесе Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина-мермер на локалитетот „Марков стап“, Општина Росоман.

**Точка 20**

Владата ја донесе Одлуката за зголемување на придонесот на Република Северна Македонија во Меѓународното здружение за развој.

Истовремено, се задолжува Министерството за надворешни работи да обезбеди плаќање на дел од придонесот што го има спрема УНДП, во рамки на сопствениот буџет.

**Точка 21**

Владата ја донесе Одлуката за распределба на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2023 година за поддршка на имплементацијата на Декадата и Стратегијата за Ромите.

**Точка 22**

Владата ја донесе Одлуката за распределба на средства обезбедени во Потпрограма 20-Сообраќај и комуникации, ставка 489-Капитални субвенции за претпријатија и невладини организации во Буџетот на Министерството за транспорт и врски за 2023 година.

**Точка 23**

Владата ја донесе Одлуката за давање на стопанисување на недвижни ствари на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје (КП бр.7218/1, КО Гостивар 2).

**Точка 24**

Владата го разгледа Годишниот извештај за спроведување на процесот на проценка на влијанието на регулативата-ПВР (јануари-декември 2022 година), со прилог-Преглед на почитувањето на обврските кои произлегуваат од процесот на ПВР и задолжителната објава на законите на ЕНЕР, го прифати Годишниот извештај и ги задолжи сите министерства, за сите закони кои се утврдени од Владата во текот на 2022 година, да извршат објава на предлог-извештаите за проценка на влијанието на регулативата заедно со предлогот на законите на Единствениот национален електронски регистар на прописи и да извршат промена на статусот на законите од ,,отворен“ во „затворен“, најдоцна во рок од 15 дена.

**Точка 25**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на недвижни ствари на Основниот граѓански суд-Скопје.

**Точка 26**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на недвижни ствари на Основниот граѓански суд-Скопје.

**Точка 27**

Владата ја донесе Одлуката за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката за спроведување (ЗНБП) 2023/849 на Советот од 24 април 2023 година за спроведување на Одлуката 2011/235/ЗНБП за рестриктивни мерки насочени против одредени лица и субјекти во однос на состојбата во Иран и Регулативата за спроведување (ЕУ) 2023/846 на Советот од 24 април 2023 година за спроведување на Регулативата (ЕУ) бр.359/2011 за рестриктивни мерки насочени против одредени лица, субјекти и тела во однос на состојбата во Иран.

**Точка 28**

Владата ја донесе Одлуката за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2023/847 на Советот од 24 април 2023 година за спроведување на Одлуката 2013/255/ЗНБП за рестриктивни мерки во однос на состојбата во Сирија и Регулативата (ЕУ) 2023/844 на Советот од 24 април 2023 година за изменување на Регулативата (ЕУ) 36/2012 за рестриктивни мерки во однос на состојбата во Сирија.

**Точка 29**

Владата на предлог на предлагачот го одложи разгледувањето на Информацијата за потребата за спроведување на Годишен план за вработување за 2023 година на Министерството за здравство, за наредната седница на Владата.

**Точка 30**

Владата ја разгледа Иницијативата од Врховниот суд на Република Северна Македонија, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија, под У.бр.66/2023 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 72 став (6) од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.102/19) и притоа го утврди следното мислење:

Според членот 37 од Законот за судовите („Службен весник на Република Македонија бр.58/06, 62/06, 35/08, 150/10, 83/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.96/19):

(1) Врховниот суд на Република Северна Македонија на општа седница:
- Утврдува начелни ставови и начелни правни мислења по прашања од значење за обезбедување на единството со примената на законите од страна на судовите во рок од три месеци, но не подолго од шест месеци по сопствена иницијатива или по иницијатива на претседател на суд или по иницијатива на седниците на судиите или судските оддели од судовите или по иницијатива на адвокати и ги објавува на веб-страницата на Врховниот суд на Република Македонија.

(2) Начелните ставови и начелните правни мислења што ги утврдува Врховниот суд на Република Македонија на општа седница се задолжителни за сите совети на Врховниот суд на Република Северна Македонија.

Имајќи го предвид наведеното, особено ставот (2) на цитираниот член, утврдениот начелен став во никој случај не може да биде задолжителен за Советот за жалба, кој не е совет на Врховниот суд.

Друго е прашањето по кој основ Врховниот суд се впуштил во утврдување на начелен став по прашање кое целосно е уредено со закон и по однос на кои одредби не постои различна примена од страна на Советот за жалба. Во конкретниот случај Врховниот суд целосно излегол од обемот на својата судска надлежност и го повредил начелото на поделба на власта на законодавна, судска и извршна заземајќи улога на законодавец и менувајќи ја ретроактивно донесената одредба од страна на Собранието на Република Северна Македонија.
Според амандманот XXVIII, Судскиот совет на Република Северна Македонија е самостоен и независен орган на судството кој ја обезбедува и ја гарантира самостојноста и независноста на судската власт.

Според членот 104 од Законот за Судски совет, средствата за работа на Советот се обезбедуваат од Буџетот на Република Северна Македонија од делот означен со Судска власт.

Со ова de jure Судскиот совет во Уставот е наведен како орган на судството кој е задолжен и воедно одговорен за спроведување на двете најзначајни судски начела на самостојност и независност на судската власт. Согласно наведеното не може да се прифати укажувањето на подносителот на Иницијативата дека de facto Судскиот совет може да се предвиди како институција која од аспект на членот 50 став (2) е во делот „и на другите институции што вршат јавни овластувања“.

Имено, на овој начин подносителот на Иницијативата се обидува да внесе забуна и да даде поинакво значење на Уставниот амандман XXVII со кој јасно се прецизира поставеноста на Судскиот совет на Република Северна Македонија како орган на судството.

Воедно се укажува дека оспорениот член е во согласност со Амандманот XXI со кој „се гарантира правото на жалба против одлуки донесени во постапка во прв степен пред суд.“

Правото на жалба или друг вид на правна заштита против поединечни правни акти донесени во постапка во прв степен пред орган на државна управа или организација и друг орган што врши јавни овластувања се уредува со закон“.

Имено, со Законот за Судски совет на Република Северна Македонија, член 72, се уредува правото на жалба против одлука донесена од Советот.

Законодавецот предвидел основање на Совет за одлучување по жалба при Врховниот суд на Република Северна Македонија составен од девет члена и тоа: тројца судии од Врховен суд, по еден од сите апелациони судови и двајца судии од судот од кој е судијата против кој е водена постапката.

Советот има мешан состав од судии од повеќе судови од различен степен и истиот се формира најдоцна десет дена од денот на приемот на жалбата, односно нема постојан состав и истиот нема статус на совет на Врховниот суд.

Со истиот член се предвидува и надлежноста на Советот за жалба, односно да ја цени само законитоста на постапката, по кој основ може да го потврди решението или да го укине и да го врати на Судскиот совет на повторно одлучување со обврска задолжително да се постапи по напатствијата на Советот за жалба. Она што е спорно за подносителот на Иницијативата е ставот (6) од истиот член со кој се наведува дека „против одлуката од ставот (5) не е дозволена жалба или тужба.“.
Подносителот на Иницијативата инсистира дека и оваа одлука има статус на нов поединечен акт за кој треба да биде предвидена судска заштита за оцена на неговата законитост.

Подносителот на иницијативата не ја спори надлежноста на Советот за жалба во делот на оценување на законитоста на донесеното решение и бара повторна судска заштита, за што Владата смета дека е целосно непотребна, од причина што и новата одлука повторно ќе биде нов поединечен акт за кој повторно ќе се бара оцена на законитоста.

Ова не е во духот на ажурно водење на судските постапки, а воедно е целосно во спротивност со Амандманот XXIX, според кој, меѓу другото Судскиот совет „-избира и разрешува судии и судии поротници.“

Тоа значи дека само Судскиот совет може да има краен збор во постапките за именување и разрешување на судии и претседател на суд.

Се погоре наведено се однесува и на усогласеноста на оспорената одредба и со членот 50 од Уставот на Република Северна Македонија.

Подносителот на Иницијативата укажува и на повреда на членот 6 и членот 13 од Европската конвенција за заштита на човековите права.

Во Конвенцијата се наведува:
„ЧЛЕН 6 Право на правична судска постапка
1.Секој има право правично и јавно, во разумен рок, пред независен и непристрасен, со закон воспоставен суд да бидат разгледани и утврдени неговите граѓански права и обврски или основаноста на какви било кривични обвиненија против него. Пресудата се изрекува јавно, а новинарите и публиката можат да бидат исклучени за време на целата или на дел од постапката во интерес на моралот, јавниот ред или националната безбедност во едно демократско општество, кога тоа го наложуваат интересите на малолетник или заштитата на приватниот живот на страните во спорот или кога тоа судот го смета за неопходно затоа што во посебни околности публицитетот би можел да им нанесе штета на интересите на правдата.

2.Секој кој е обвинет за кривично дело се смета за невин се додека неговата вина не се докаже по законски пат.

3. Секој обвинет ги има следните минимални права:
а. веднаш, на јазикот што го разбира, да биде детално известен за природата и причините на обвинението подигнато против него;
б. да му се обезбедат време и услови неопходни за подготвување на неговата одбрана;
в. да се брани самиот или со помош на бранител по свој избор, а доколку не располага со средства да плати бранител, да добие бесплатен службен адвокат кога тоа го наложуваат интересите на правдата;
г. самиот да ги сослуша или да бара сослушување на сведоците на обвинението и да бара повикувањето и сослушувањето на сведоците на одбраната да биде под услови што важат и за сведоците на обвинението;
д. да користи бесплатна помош од преведувач, доколку не го разбира или не го зборува јазикот на кој се одвива судењето.“

Оспорената одредба е целосно во согласност со членот 6 од Конвенцијата, односно во текстот на Законот за Судски совет на Република Северна Македонија и тоа особено во членовите 65 и 66 се вградени сите минимални права предвидени со членот 6, а во членот 72 правото на жалба.

Подносителот на Иницијативата, исто така, смета дека оспорениот член 72 став (6) од Законот за Судски совет е во спротивност и со членот 13 од Конвенцијата за заштита на човековите права.

Имено, со членот 13 од Конвенцијата се наведува „Право на реална жалба
Секој човек, чии права и слободи признати со оваа Конвенција, се нарушени, има право на жалба пред националните власти, дури и тогаш кога повредата на овие права и слободи ја сториле лица при вршење на службена должност.

Со овој член се бара заштита на човековите права и слободи со право на жалба пред Националните власти, односно не се инсистира на задолжителна судска заштита.

Со оспорениот член 72 ова право на жалба е загарантирано на судијата и претседателот на суд против кој е поведена постапка за оценување на одговорност.

Воедно, се укажува дека оспорената одредба е целосно во согласност со Амандманот XXIX од Уставот на Република Северна Македонија каде се предвидува надлежноста на Судскиот совет на Република Северна Македонија, односно меѓудругото тој е надлежен да -Избира и разрешува судии и судии поротници".

Заради уставно уредената надлежност за избор и разрешување на судии, со Законот за Судски совет на Република Северна Македонија е формиран Советот за жалби како второстепен орган кој одлучува по жалба на судија или претседател на суд и тоа со надлежност да ја цени законитоста на постапката по кој основ може да го укине решението на Советот или да го потврди.

Согласно се погоре наведено, Владата смета дека Врховниот суд на Република Северна Македонија не смеел да донесе начелен став во конкретниот случај преземајќи улога на законодавец.

Воедно, Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да не ја прифати Иницијативата за поведување на постапка за оценување на уставноста на членот 72 став (6) од Законот за Судски совет на Република Северна Македонија.

**<u>Точка 31</u>**

Владата ја разгледа Иницијативата од Славко Лазовски од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.42/2023 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 2 точка 1 во делот: „единствен" и член 36 став (1) во делот: „сопствени" од Законот за катастар на недвижности („Службен весник на Република Македонија" бр.55/13, 41/14, 115/14, 116/15, 153/15, 192/15, 61/16, 172/16, 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.124/19) и притоа го утврди следното мислење:

Со Иницијативата се бара Уставниот суд на Република Северна Македонија да поведе постапка за оценување на уставноста на членот 2 точка 1 во делот „единствен" и член 36 став (1) од Законот за катастар на недвижности од причина што подносителот на Иницијативата смета дека оваа одредба е спротивна на одредбите од член 72 од Законот за даночна постапка, како и со член 16 од Законот за Управата за јавни приходи, членот 3 став (2) точките 3 и 4 од Законот за буџетите, членот 11 став (1) од Законот за локалната самоуправа и членот 8 став (1) алинеја 3, член 33, член 51 став (1), член 114 став (4), член 115 став (3) од Уставот на Република Северна Македонија.

Според подносителот на Иницијативата, зборот „единствен" од член 2 точка 1 од Законот за катастар на недвижности го доведува под важење владеењето на правото од причина што, како што е наведеното во Иницијативата, даночните приходи мора да имаат ист третман, без разлика на кое ниво на власт се собираат бидејќи на тој начин се отстапува од примената на член 33 и член 9 од Уставот доколку се земе предвид дека граѓаните се еднакви пред Уставот и законите.

Се смета дека поднесената Иницијатива е неоснована од следните причини:
Членот 2 од Законот за катастар на недвижности преставува интерпертативна норма која содржи дефиниции за значењето на поимите кои се употребуваат во Законот за катастар на недвижности. Во точка 1 од истиот член е дефинирано значењето на „Геодетско-катастарски информационен систем“ како интегриран и единствен информационен систем во Република Северна Македонија кој овозможува прибирање, обработка, одржување, управување, користење, дистрибуција, издавање и единствен пристап кон податоците од катастарот на недвижности, основните геодетски работи, геодетските работи за посебни намени, премерот на недвижностите во функција на катастарот на недвижности, премерот и одржувањето на државната граница на Република Северна Македонија, топографските карти, Регистарот за просторни единици, Графичкиот регистар за улици и куќни броеви, Графичкиот регистар за градежно земјиште и други податоци од значење за недвижностите.

Геодетско-катастарски информационен систем (во натамошниот текст: ГКИС) како дефиниција за прв пат е воведена во членот 2 од Законот за катастар на недвижности од 2008 година („Службен весник на Република Македонија“ бр.40/08) во која е содржана истата формулација за „единствен пристап кон податоците“.

Согласно начелата кои се утврдени со Законот за катастар на недвижности, конкретно начелото на точност и верба во запишаното, податоците во Катастарот за недвижности се сметаат за точни, па совесното лице кое верувало на запишаното во Катастарот, не знаејќи дека она што е запишано е неточно или нецелосно, нема да трпи штетни последици.

Согласно членовите 28 и 29 од Законот, податоците од ГКИС се водат во електронска форма и/или писмена форма, а податоците од ГКИС во електронска форма ги обработуваат и ги одржуваат преку лиценциран софтвер. Согласно со член 30 од истиот закон, ГКИС на заинтересираните субјекти им овозможува пристап, дистрибуција, издавање и користење на податоците согласно со Законот, пристапот и дистрибуцијата до податоците од централизираната база на податоци, на корисниците, се остварува преку глобална електронска мрежа која е поврзана со локалната електронска мрежа на Агенцијата. Пристапот до податоците од ГКИС во електронска форма е строго контролиран, со различен степен на достапност. Податоците од ГКИС, заинтересираните субјекти може да ги добијат во форма на информација или во форма на јавна исправа.

Со членот 33 став (3) од Законот е уредено дека начинот на користење на податоците до ГКИС се уредува со посебен договор кој го склучува директорот на Агенцијата со лицата кои раководат со заинтересираните субјекти.

Интероперабилноста е уредена со членот 34 од Законот, при што Агенцијата овозможува пристап до сите податоци и документи што се однесуваат на бараната административна услуга по електронски пат согласно закон, на начин кој дозволува нивно обновување и чување.

Заради обезбедување на ефикасно и ажурно функционирање на горенаведените надлежности во обезбедувањето пристап, дистрибуција, издавање и користење на податоци во електронска

форма, Агенцијата креира единствен е-кат систем како лиценциран софтвер кој го обезбедува и го одржува од сопствени самофинансирачки средства. Оттука, заради обезбедување одржливост на овие системи чие функционирање е неопходно за обезбедување ефикасен сервис на граѓаните, законодавецот овозможил Агенцијата да обезбедува средства преку наплаќање надоместок за користење и увид во податоците од ГКИС.

Оттука, во членот 36 од Законот е уредено дека за користење и увид на податоците од ГКИС се плаќа надоместок, освен кога податоците се издаваат за сопствени потреби на јавните обвинителства, Државното правобранителство на Република Северна Македонија и министерствата, како и на други субјекти во случаи утврдени со закон. Висината на надоместокот за користење и за увид на податоците од ГКИС зависи од реалните трошоци за нивно изготвување, видот на податоците (описни/просторни), содржината на податоците (за визуелен приказ по единица мерка: метар за должина/висина/длабочина и метар квадратен/кубен, за описни податоци по обемот на податоци), формата на податоците (електронска/писмена), количина на податоците (број на истоветни издадени податоци) и друго. Во случај на зголемен обем на поднесени барања од ист подносител за користење на податоци, Агенцијата може со подносителот на барањето да склучи договор со кој го уредува начинот на плаќањето. Висината на надоместокот за користење и увид на податоците од ГКИС се утврдува со тарифник кој го донесува Управниот одбор на Агенцијата, при што согласност дава Владата на Република Северна Македонија.

Владата смета дека оспорените одредби не се спротивни со одредбите од Уставот од причина што со нив не се врши влијание врз обврската и должноста за плаќање на данокот и другите јавни давачки, дотолку повеќе ако се земе предвид дека целта на Законот е да се обезбедат точни и ажурни податоци за правата на недвижностите бидејќи истите се од суштинско значење за владеење на правото и заштитата на правото на сопственост како значаен сегмент на владеење на правото. Пресметувањето на данокот на имот воопшто не се базира само на податокот за запишаната недвижност во Катастарот на недвижности, туку во пресметувањето на данокот имаат улога и други услови и податоци кои ги прибираат општините.

Воедно, во однос на тоа дека оспорените одредби се во колизија со други пет закони, Владата Ве известува дека Законот за катастар на недвижности е закон lex specialis и во истиот на посебен начин е уредена материјата како sui generis, но со самото тоа воопшто не значи дека е во спротивност со останатите закони.

Имајќи го предвид горенаведеното, Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да донесе Решение за неповедување постапка за оценување на уставноста на членот 2 точка 1 во делот „единствен“ и член 36 став (1) од Законот за катастар на недвижности („Службен весник на Република Македонија“ бр.55/13, 41/14, 115/14, 116/15, 153/15, 192/15, 61/16, 172/16, 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.124/19).

**<u>Точка 32</u>**

Владата ја разгледа Иницијативата од Александра Илиева-Милчова, адвокат од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.41/2023 за поведување на постапка за оценување на уставноста и законитоста на член 2 од Законот за изменување и дополнување на Законот за вештачење („Службен весник на Република Македонија“ бр.12/14) и притоа го утврди следното мислење:

Во Иницијативата се наведува дека оспорениот член бил во спротивност со членовите: 8 став 1 алинеи 3 и 4, 51, 68 став 1 алинеја 2 и член 55-сите од Уставот на Република Северна Македонија.

Во Законот за вештачење („Службен весник на Република Македонија" бр.115/10, 12/14, 43/14, 104/15,148/15,192/15 и 64/18) во членот 4 се наведува дека:
„(1) Вештак е независен и самостоен во вршењето на вештачењето во рамките на овластувањата утврдени со закон.
(2) Вештакот е должен вештачењето да го врши стручно и совесно во согласност со правилата на науката и струката и етичките норми и да го достави до нарачателот на вештачењето навремено во согласност со роковите пропишани со закон.".

Во членот 5 од Законот за вештачење се предвидува дека вештачење може да врши:
- високообразовна установа, научна установа и стручна установа врз основа на овластувања утврдени со закон доколку имаат вработено најмалку две лица со лиценца за вештачење,
- трговец поединец-вештак основано согласно со Законот за трговски друштва кое ги исполнува условите од овој закон и има вработено најмалку едно лице со лиценца за вештачење и
- трговско друштво кое е регистрирано во согласност со Законот за трговски друштва и врши вештачење согласно со овој закон и има вработено најмалку две лица со лиценца за вештачење.

Подносителот наведува дека со членот 2 од Законот за изменување и дополнување на Законот за вештачење се додава нов член 5-а кој гласи:
„(1) За потребите на органите на државната управа, јавните претпријатија, адвокатските друштва во државна сопственост, вештачење врши Бирото за судски вештачења по претходно поднесено писмено барање за вештачење во соодветната област.
(2) Формата и содржината на образецот на писменото барање ги пропишува министерот за правда.".

Подносителот на Иницијативата смета дека со оваа одредба се создава монопол на Бирото за судски вештачења наспроти другите вешти лица кога се работи за предмети на барање на државни органи. Воедно, се укажува дека вештите лица од Бирото не се независни, имајќи предвид дека истото е орган во состав на Министерството за правда и корисник на буџетски средства, а со самото тоа и се доведувала во прашање нивната непристрасност.

Бирото за судски вештачења е основано со Законот за организација и работа на органите на државната управа како орган во состав на Министерството за правда со својство на правно лице.

Според наведеното, фактот што Бирото е орган во состав на Министерството за правда не смее да се смета како основа за пристрасно и несовесно постапување. Во таков случај ќе се доведе во прашање постапувањето на секој орган во состав на друг државен орган.

Подносителот на Иницијативата не го зема предвид правото на заинтересираното лице-нарачателот на вештачење да поднесе свое вештачење, а во случај на противречни вештачења судот може да определи супервештачење.

Законодавецот предвидел заштита на правата на заинтересираното лице во случаи на противречни вештачења.

Имајќи го предвид горенаведеното, Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да не ја прифати Иницијативата за поведување на постапка за оценување на уставноста и законитоста на член 2 од Законот за изменување и дополнување на Законот за вештачење („Службен весник на Република Македонија" бр.12/14).

**Точка 33**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Башким Амети од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.101632 за КО Ѓорче Петров 4-Влае на КП бр.6898, викано место/улица „Ѓорче Петров“ и не ја прифати Понудата имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 34**

Владата го разгледа Известувањето од извршител Гордана Џутеска од Охрид и бр.475/2022 за понуда за користење право на првенствено купување на недвижен имот-земјиште кое претставува 1/3 идеален дел од КП бр.1174, за КО Мороишта, евидентирано во Имотен лист бр.337, со дополнителни материјали и по истото ги усвои негативните мислења на Министерството за транспорт и врски, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје.

**Точка 35**

1. Владата заклучи да му предложи на Собранието на Република Северна Македонија за директор на Агенцијата за администрација да го именува Спасе Глигоров, досегашен директор на Агенцијата.

2. Владата го разреши Венцо Атанасов, од должноста член на Посебната комисија за утврдување условот-владеење со македонскиот јазик за стекнување на државјанство на Република Северна Македонија.

2.2 Владата ја именува Габриела Пачовска од Генерален секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, за член на Посебната комисија за утврдување условот-владеење со македонскиот јазик за стекнување на државјанство на Република Северна Македонија.

**Точка 36**

**1.** Владата по повод информирањето од страна на д-р Фатмир Бесими, министер за финансии во врска со Заклучокот од точка 16 од Сто четириесет и деветтата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 25 април 2023 година во однос на тоа дека Министерството за финансии има формирано работна група со претставници од Министерството за финансии, Бирото за јавни набавки, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и од Кабинетот на заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции и во рамките на истата заклучено е дека не треба да се воведуваат нови основи за измена на договорите за време на нивната важност, а во однос на предметните договори, дека Законот и сега дава можност истите да се анексираат откако претходно договорниот орган ќе ја утврди исполнетоста на условите од членот 119 од Законот за јавни набавки, заклучи задолжението кое произлегува од точка 1 од горенаведениот заклучок да престане да важи.

**2.** Владата по повод укажувањето на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, а во врска со доставеното Барање за мислење од Зум проект-Скопје, тех.бр.47/23-у, по однос на планско-проектно решение во врска со изработка на Урбанистички проект за

инфраструктура за изградба на линиска инфраструктура-транзитна магистрална улица низ КП бр.1460 и други, КО Чаир, КП бр.1656/1 и други, КО Визбегово и КП бр.3463 и други, КО Глуво Бразда-Општина Карпош, Општина Бутел и Општина Чучер Сандево, ги задолжи Министерството за одбрана, Министерството за внатрешни работи, Министерството за транспорт и врски, Министерството за култура, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за животна средина и просторно планирање-Сектор за води, Министерството за животна средина и просторно планирање-Сектор природа, Министерството за животна средина и просторно планирање-Сектор отпад, Агенцијата за електронски комуникации, Агенцијата за цивилно воздухопловство, Акционерското друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас НОМАГАС Скопје во државна сопственост, Акционерското друштво за производство на електрична енергија „Електрани на Северна Македонија“, во државна сопственост, Скопје, Јавното претпријатие за државни патишта, Јавното претпријатие за железничка инфраструктура „Железници на Република Северна Македонија“-Скопје, АД МЕПСО и Акционерското друштво Водостопанство на Република Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, Управата за заштита на културното наследство, Дирекцијата за заштита и спасување-Карпош, Дирекцијата за заштита и спасување-Чаир, им препорачува на Градот Скопје и општините Карпош, Бутел и Чучер Сандево, а им укажува на А1 Македонија ДООЕЛ Скопје, Дистрибуција на топлина Балкан енерџи ДООЕЛ Скопје, Друштвото за дистрибуција на топлинска енергија ЕСМ ДООЕЛ-Скопје, АД ЕВН-издавање податоци и мислења, ЈП „Улици и патишта“-Скопје, ЈП „Водовод и канализација“-Скопје, Македонски телеком АД Скопје, итно да постапат по Барањето.

**Точка 37**

Владата ја разгледа Информацијата за напредокот на имплементацијата на Програмската рамка на Организацијата за храна и земјоделство на Обединетите нации (ФАО) за Република Северна Македонија за периодот 2021-2025 година, како материјал за информирање.

**Точка 38**

Владата ја разгледа Информацијата на Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми „Национални шуми“-П.О. Скопје за реализирани активности за 2022 година, содржани во Акцискиот план за имплементација на Националната платформа за намалување на ризици од катастрофи на Република Северна Македонија 2022-2024 година, како материјал за информирање.

**Точка 39**

Владата го разгледа Извештајот за трошење на средства од Наменска сметка за буџетска поддршка согласно Одлуката за одобрување на финансиски средства за справување со кризната состојба во снабдувањето со електрична енергија бр.41-10554/5 од 29.11.2022 година, Одлуката за одобрување на финансиски средства за справување со кризната состојба во снабдувањето со електрична енергија бр.41-11525/2 од 20.12.2022 година и Одлуката за одобрување на финансиски средства за справување со кризната состојба во снабдувањето со електрична енергија бр.41-11803/3 од 27.12.2022 година, донесени од Владата на Република Северна Македонија, како материјал за информирање.

**Точка 40**

Владата го разгледа Извештајот за реализација на одобрени средства од резервите на Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година, на Општина Кичево, со Одлука бр.41-7523/1

донесена од Владата на Република Северна Македонија на 30 август 2022 година, како материјал за информирање.

**Точка 41**

Владата ја разгледа Информацијата со Предлог за бројот на студенти за запишување во прва година-прв циклус на студии на јавните високообразовни установи на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Универзитетот „Св. Климент Охридски“-Битола, Универзитетот во Тетово, Државниот универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле“, Охрид и Универзитетот „Мајка Тереза“ во Скопје, во учебната 2023/2024 година, со Предлог-одлука и прилози, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за бројот на студенти за запишување во прва година-прв циклус на студии на јавните високообразовни установи на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Универзитетот „Св. Климент Охридски“-Битола, Универзитетот во Тетово, Државниот универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле“, Охрид и Универзитетот „Мајка Тереза“ во Скопје, во учебната 2023/2024 година.

Истовремено, Владата заклучи потребните финансиски средства да бидат во рамките на одобрениот буџет за 2023 година.

**Точка 42**

Владата ја донесе Уредбата за изменување на Уредбата за поблиските критериуми за директни плаќања, корисниците на средствата, максималните износи и начинот на директните плаќања за 2023 година.

**Точка 43**

Владата ја донесе Уредбата за методологија за распределба на приходите од данокот на додадена вредност по општини за 2024 година.

**Точка 44**

Владата ја разгледа Анализата за проценка на економската и функционалната оправданост на реализација на проектите од Одлуката за склучување на анекс на Договорот за концесија за промена на намената на дел од средствата („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.295/20 и 138/21) ја усвои и го задолжи Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економски ресори и инвестиции да побара согласност, согласно член 41-в од Законот за концесии и јавно приватно партнерство, од ТАВ Македонија ДООЕЛ Мралино Илинден, како инвеститор и ТАВ Хавалиманлари холдинг A.S., како референтен оператор за промена на намената на делот од средствата кои не биле искористени за инвестирање во објекти од јавен интерес, со цел нивно доискористување за инвестирање во проекти од јавен интерес.

**Точка 45**

Владата ја разгледа Информацијата за измена и дополна за потпишување на Договор меѓу Европска Унија од една страна и Република Северна Македонија од друга страна за учество во Програмата на Унијата ,,Живот“ (LIFE) за заштита на животната средина и климатски активности, ја усвои Информацијата и го задолжи Министерството за животна средина и просторно планирање да ги обезбеди потребните финансиски средства за влезен билет за учество на

Република Северна Македонија во програмата ,,Живот“ во евра со ребаланс на Буџетот на Република Северна Македонија за 2023 година и да ги програмира до 2027 година со следниот распоред:
- за 2023 година во висина од 239.942 евра,
- за 2024 година во висина од 250.019 евра,
- за 2025 година во висина од 263.456 евра,
- за 2026 година во висина од 278.873 евра и
- за 2027 година во висина од 295.700 евра.

**Точка 46**

Владата ја донесе Одлуката за дополнителни квоти за запишување студенти припадници на заедниците кои не се мнозинство во Република Северна Македонија во прва година-прв циклус на студии на јавните високообразовни установи на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Универзитетот „Св. Климент Охридски“-Битола, Универзитетот во Тетово, Државниот универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, Универзитет за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле“, Охрид и Универзитетот „Мајка Тереза“ во Скопје, во учебната 2023/2024 година.

Истовремено, Владата заклучи потребните финансиски средства да бидат во рамките на одобрениот буџет за 2023 година.

**Точка 47**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Пресудата на Управниот суд У-6 бр.131/2023 од 30 март 2023 година по тужбата на тужителот Друштво за производство, промет и услуги Еуромакс ресоурцес ДОО Скопје, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за спојување на концесијата за експлоатација на минерална суровина-руди на бакар и злато на локалитетот „с.Иловица“, Општина Босилово, со концесијата за експлоатација на минерална суровина-бакар и злато на локалитетот „Иловица“, Општина Босилово и Општина Ново Село на Друштвото за производство, промет и услуги Еуромакс ресоурцес ДОО Скопје, со заклучок текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 48**

Владата ја одложи од разгледување Информацијата во врска со Договорот за изведба на Клиничка болница-Штип, со предлог-решение (проект) за завршување на објектот изготвен од страна на Изведувачот, со прилози, поради потребата истата да се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика во присуство на д-р Фатмир Меџити, министер за здравство, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски, директорот на Бирото за јавни набавки, секретарот на Секретаријатот за законодавство, државниот правобранител на Република Северна Македонија и претставник од Секторот за односи со јавност на Владата, со цел за наредната седница на Владата да се достави конкретно предлог-решение и понатамошни чекори за изградба на болниците во Штип и Кичево, имајќи ги предвид постојните договори.

**Точка 49**

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Казнено-поправна установа Затвор Скопје-Скопје и ја донесе Одлуката со заклучок предлагачот да го усогласи текстот на истата со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 50**

Владата ја разгледа Информацијата за преземени активности во врска со прогласената кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија на подрачјата на Општина Делчево и Општина Крива Паланка, со Предлог-одлука и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1.Ја донесе Одлуката за утврдување на општинските патишта и улици за кои работите за рехабилитација и реконструкција ќе ги врши Јавното претпријатие за државни патишта.

2. Се задолжува Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта-Скопје ц.о. да ги преземе сите потребни мерки и активности преку своите програми за санирање, заштита и реконструирање на улиците во општините, а Јавното претпријатие за државни патишта да обезбеди надзорен орган којшто ќе изврши увид на работите и финансиски средства за реализација за инфраструктурните објекти.

3. Се задолжуваат Јавното претпријатие за државни патишта и Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта-Скопје ц.о., во рок од шест месеци, до Владата да достават извештај за извршената рехабилитација и реконструкција.

**Точка 51**

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за престанок и за давање на трајно користење на недвижна ствар на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија и ја донесе Одлуката, со заклучок текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 52**

Владата ја разгледа Предлог на завршната сметка на Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година, со Конечен извештај на овластениот државен ревизор за извршена ревизија на усогласеност на Основниот буџет на Република Северна Македонија за 2022 година, ја утврди и заклучи да ја достави до Собранието на Република Северна Македонија, со предлог да ја донесе.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Фатмир Бесими, министер за финансии и Филип Николовски, заменик на министерот за финансии, а за повереници д-р Јелена Таст, државен секретар во Министерството за финансии и Аница Иваноска-Стрезовски и Тања Трипунова, државни советници во Министерството за финансии.

**Точка 53**

Владата го разгледа Годишниот извештај за управување со јавниот долг на Република Северна Македонија за 2022 година, го усвои и заклучи согласно член 27 став 1 од Законот за јавен долг да го достави до Собранието на Република Северна Македонија, за информирање.

**Точка 54**

Владата ја одложи од разгледување Информацијата за вработување на здравствени работници и здравствени соработници за потребите на Јавните здравствени установи во Република Северна Македонија за 2023 година, за наредната седница на Владата, поради потребата истата да се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика во присуство на д-р Фатмир Меџити, министер за здравство и д-р Фатмир Бесими, министер за финансии.

*

*     *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 15:00 часот.

**Генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија**

**м-р Методија Димовски**

**Претседател на Владата на Република Северна Македонија**

**д-р Димитар Ковачевски**